Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво ИНОВА Скопје
Agjencia e inovacionit zhvillimit shkencor-teknologjik dhe sipërmarrjes INOVA Shkup
Број / Numër 02 – 110/1
Датум / Data 22. 01 2026 год./viti.

ИНОВА

АГЕНЦИЈА ЗА ИНОВАЦИИ, НАУЧНО – ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 38 од Законот за иновациската дејност, научно-технолошкиот развој и претприемништво („Службен Весник на РСМ" бр. 154/25 и 192/25), а во врска со член 11 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ" бр. 6/12, 30/13, 166/14, 150/15 и 201/15 и „Службен Весник на РСМ" бр. 53/21 и 39/25), директорот на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво го донесе следното

# РЕШЕНИЕ
## за назначување на координатор и заменик-координатор за воспоставување на еднакви можности

### Член 1

Со ова решение се назначува координатор и заменик-координатор за воспоставување на еднакви можности во Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво, и тоа за координатор се назначува Маја Петрова на работно место Раководител на сектор за правни и општи работи, со тел за контакт 075 444 098 и со маил адреса maja.petrova@inova.gov.mk и за заменик-координатор се назначува Милка Илоска Јовановска на работно место Виш соработник за програмски активности и соработка со домашни и меѓународни организации, со тел за контакт 078 259 967 и со маил адреса milka.iloska@inova.gov.mk.

### Член 2

Координаторот и заменик-координаторот од член 1 на ова решение се одговорни за спроведување на должностите во надлежност на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво за воспоставување на еднакви можности, во смисла на овој закон, даваат мислења и предлози за промовирање и унапредување на еднаквите можности во рамките на надлежностите на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво и во исполнувањето на своите задачи се координираат и соработуваат со Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Член 3

Координаторот и заменик-координаторот од член 1 од ова решение се должни еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година, да достават извештај за работата до Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Член 4

Извештајот од член 3 од ова решение, координаторот и заменик-координаторот се должни да го објават на веб страницата на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво.

Член 5

Координаторот и заменик-координатор задолжително да ги почитува Законот за еднакви можности на жените и мажите и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот.

Член 6

Ова Решение стапува во сила со денот на донесувањето.

Директор
Даниела Димовска

Подготвил: Ивана Сазданоска
Прегледал: Маја Петрова
Одобрил:Маја Петрова


АГЕНЦИЈА ЗА ИНОВАЦИИ НАУЧНО-ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО
Кеј Димитар Влахов, бр. 4, 1000, Скопје - Р.С. Македонија